# 2018

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ" ЗА 2018 ГОДИНА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-126/3
12. 03. 2019 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ**



www.jpacademy.gov.mk

**Содржина**

I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ........ 3

II ЗАКОНОДАВНА РАМКА ........ 4

III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА ........ 5

1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА ........ 5
2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА ........ 6
3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА ........ 6

IV ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА, РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ... 8

1. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА ........ 8
2. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ ........ 8
3. УЧЕСТВО ВО СЛУЖБАТА ВО РАЗНИ РАБОТНИ ТЕЛА И ГРУПИ ........ 9

V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 9

VI ПОЧЕТНА ОБУКА ........ 10

VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА ........ 12

VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ И СО СТРАНСКИ

ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ/МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 22

IX КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ ........ 34

X БИБЛИОТЕКА ........ 34

XI БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ ........ 35

XII СТАТИСТИКИ ........ 37

XIII ЕВАЛУАЦИЈА ........ 39

XIV ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО ........ 41

# I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", во 2018 година, низ успешната реализација на сите предвидени активности, ја потврди својата максимална посветеност кон унапредување на ефикасноста и ефективноста на правосудниот систем, по пат на професионалното стручно усовршување на судиите, јавните обвинители, на судската и јавнообвинителската служба.

Академијата и во 2018 година работеше на унапредување на квалитетот на обуките, со избор на нови содржини, методи и теми, согласно со меѓународните стандарди и програми за обука, на јакнење на сопствените капацитети, ја прошири и ја зајакна домашната и меѓународната соработка, а воедно, доследно ги спроведуваше препораките на Европската комисија, содржани во извештаите за следење на прогресот на нашата држава, на ГРЕКО од Четвртиот круг на оценка и од други меѓународни извештаи, со што континуирано дава свој придонес во јакнење на стручноста, професионалноста и независноста на правосудството како еден од приоритетите на правосудните реформи во Република Северна Македонија, а како клучен приоритет од Партнерството за пристапување кон Европската Унија.

Подобрувањето на компетентноста на правосудството по пат на реформи на системот за управување со перформансите и зајакнувањето на системите за почетна и континуирана обука, беше приоритет на Академијата. Во таа рамка, Академијата ги спроведе сите активности по НПАА, заради што, во соработка со партнерите, реализираше обуки, семинари, тркалезни маса, обуки за обучувачи и други едукативни настани на базично и напредно ниво, за зајакнување на наставниот кадар, со посебен акцент на етичките принципи, етичкото однесување на судиите, јавните обвинители, на судската и јавнообвинителската служба заради зајакнување на интегритетот и зголемување на довербата кај јавноста.

Со цел да се оцени ефикасноста на обуките и нивниот ефект врз подобрувањето на квалитетот на редовната судска и обвинителска практика, согласно со препораките на ангажираниот експерт во рамките на ИПА 2010 проектот, за развој на „Методологија за оцена на ефикасноста на обуките со механизми за квалитативна оценка на обуките", беше подготвен и спроведен пилот - проект за евалуација на ефектот од спроведените обуки на тема „Пишување на пресуди и обвиненија".

Пилот - проектот започна со реализација на 5 април 2018 година на тема: „Пишување пресуди и обвиненија" при што целна група беа судии од кривични оддели и јавни обвинители коишто имаа работен стаж до 10 години. На обуката присуствуваа вкупно 15 учесници од кои 5 беа судии а 10 јавни обвинители.

Во рамките на почетната обука, кон крајот на февруари 2018 година започна 15-

месечната практичната настава за 37 слушатели на новата шеста генерација слушатели во Академијата. По завршувањето на практичната настава во судовите, јавните обвинителства и во другите институции, слушателите на почетната обука ќе полагаат завршен испит, а оние што успешно ќе го положат, ќе се стекнат со уверенија и со статус на кандидати за судии и јавни обвинители.

Реализацијата на „Програмата за работа за 2018 година" беше целосна, а се исполнија и сите законски обврски во поглед на континуираната обука на судиите, обвинителите и на другите целни групи, преку реализација на годишните планови за обука, за 2018-та година. Во целост беа реализирани и сите проектни активности што произлегоа од меѓународната соработка на Академијата со нејзините странски партнери.

Во насока на промовирање на правосудниот систем и на неговите вредности, Академијата продолжи со јакнењето на партнерството со институциите за обука на земјите од регионот и од Европа, во делот за имплементација на тренинг-модулите кои претставуваат приоритети за обуката, преку активното учество и вмрежувањето во Регионалниот совет за соработка (РЦЦ), преку учество во активностите на меѓународните тела и организации на Европската Унија, во Советот на Европа и пошироко, и тоа во Европската мрежа за правосудна обука (ЕЈТН), во Комитетот ГРЕКО при Советот на Европа, во Советодавниот совет на европските судии (ССЕС), во Европската комисија за ефикасноста на правдата (СЕПЕЖ), во Меѓународната мрежа за судска обука (ИЈОТ) и во многу други, притоа обезбедувајќи компаративни информации и превод на документите што имаа значаен придонес во јакнењето на квалитетот и ефикасноста на правосудството.

## II ЗАКОНОДАВНА РАМКА

Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ", бр. 20/2015), со измените и дополнувањата („Службен весник на РМ", бр. 192/2015 и 231/2015), во поглед на статусот, го унапредува претходниот законски концепт во однос на независноста и самостојноста на Академијата, како и во однос на стручноста и компетентноста на нејзините органи и тела, и на постојаното зајакнување на капацитетите, особено на наставниот кадар. Воедно, сите подзаконски акти, во рамките на надлежностите на Управниот одбор, се усогласени со Законот за Академијата и поблиску ги уредуваат внатрешната организација и начинот на извршување на сите сегменти од дејноста на Академијата.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија" бр.163/2018) се менуваат условите за назначување на членови и на заменици-членови на органите на Академијата (Управен одбор и Програмски совет) и именување на директор и заменик-директор на

Академијата, условите за определување на предавачи и ментори на Академијата, и се врши корекција на условите за прием во почетна обука на Академијата. Согласно со преодните и завршни одредби на овој Закон, во октомври 2018 година се конституира нов Управен одбор на Академијата кој распиша јавен оглас за избор на директор и заменик-директор на Академијата согласно со условите од овој Закон и започна постапка за конституирање на нов Програмски совет на Академијата. По спроведена транспарентна постапка по објавениот јавен оглас, за нов директор на Академијата беше именувана проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска.

# III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА

## 1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА

Управниот одбор на Академијата, во текот на 2018 година одржа 13 седници на коишто се разгледуваа важни прашања од делокругот на надлежностите на Управниот одбор. На предлог на Програмскиот совет, Управниот одбор утврди „Програма за почетна обука - практична настава". Во однос на подзаконските акти, Управниот одбор донесе „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за почетна обука" и „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Академијата".

Управниот одбор на Академијата ги усвои „Извештајот за работата на Академијата за 2017 година", „Завршната сметка за 2017 година" и „Програмата за работа во 2018 година", ги донесе „Годишниот план за јавни набавки за 2018 година" и „Финансискиот план", ја утврди листата на ментори за VI генерација слушатели на почетна обука врз основа на предлозите на ССРМ и СЈОРМ и ја дополни листата на ментори по предлог на СЈОРМ, а врз основа на позитивното мислење на Програмскиот совет, утврди дополнување на листата на предавачи на Академијата.

Управниот одбор беше редовно информиран од страна на директорот за сите тековни активности во рамките на дејноста на Академијата при што донесуваше заклучоци и одлуки во доменот на својата надлежност заради непречено остварување на дејноста на Академијата.

Исто така, Управниот одбор ја следеше имплементацијата на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија" број 20/2015, 192/2015 231/2015 и 163/2018). Согласно со последните измени и дополнувања на Законот, на 22 октомври 2018 година се конституира нов Управен одбор на Академијата. Новиот состав на Управниот одбор распиша јавен оглас за избор на директор и заменик-директор на Академијата, определи вршител на должноста директор на Академијата од редот на членовите на Управниот одбор до изборот на нов директор, спроведе постапка за именување на директор и заменик-директор на Академијата и од

редот на неколку кандидати коишто се пријавија на јавниот оглас, на 28.11.2018 година изврши избор и именува нов директор на Академијата. Покрај тоа, донесе Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" заради усогласување на Статутот со последните измени и дополнувања на Законот за Академијата, и Деловник за работа на Управниот одбор како и одлуки од делокругот на неговата надлежност и разгледа повеќе прашања од интерес за функционирањето на Академијата.

## 2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА

Програмскиот совет како стручен орган на Академијата ги следи реализирањето на програмите за обука, нивната ефикасност и успешност, дава мислење за листата на предавачи и континуирано работи на надградбата и на унапредувањето на програмите за обука, на наставните методологии и техники, во соработка со предавачите, менторите, директорот и со стручната служба на Академијата, во согласност со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

Во текот на 2018 година, постапувајќи во рамките на своите надлежности, предвидени со Законот за Академијата и со Статутот, Програмскиот совет одржа седници со кои претседаваше директорот на Академијата на кои даде насоки и ја утврди: „Програмата за почетна обука - практична настава" и даде позитивно мислење за дополнувања на листата на предавачи кои ги исполнуваат условите, во согласност со Законот за Академијата.

Во рамките на новата надлежност што е предвидена со Законот за Академијата, Програмскиот совет работеше на верификација на базите на прашања и базите на студии на случаи за спроведување на тестот за проверка на знаењето на слушателите на почетна обука по завршувањето на теоретската настава во Академијата, претходно изготвени од страна на предавачите на Академијата.

## 3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА

Програмата за работа на директорот, усвоена од Управниот одбор на Академијата, беше во целост спроведена, во соработка со стручната служба. Како дел од редовните работни активности, во рамките на низата советувања, тркалезни маси, обуки и конференции што беа организирани во периодот од јануари до декември 2018 година, во соработка со домашни и странски/меѓународни релевантни институции и проекти, на кои учествуваа и излагаа национални и странски експерти, директорот имаше вкупно 22 поздравни и тематски обраќања.

Директорот оствари работни состаноци со претставници на домашни и меѓународни институции, со амбасади и проекти, со евалуатори на проекти, заради договарање и успешна реализација на проектите, за размена на искуства, на предавачи, за организирање студиски посети и издавање публикации, односно заради

продлабочување на домашната и меѓународната соработка со правосудствата на голем број држави.

Директорот активно учествуваше во сите работни активности во врска со реализацијата на „Планот на активности на Владата на Република Македонија" подготвен врз основа на Листата на итни реформски приоритети (во согласност со „Извештајот на Рајнхард Прибе"). Согласно со тој план, во однос на Академијата беше предвидена реализација на неколку активности што се однесуваат на организирањето обуки наменети за судиите и јавните обвинители, посветени на судската етика и интегритетот, обуки за обучувачи, како и развој на методологија за оценка на обуките, вклучително и размена на искуства и компаративна практика, преку организирање студиски посети на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", на седницата одржана на 26.10.2018 година донесе одлука со која се определи вршителот на должност директор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", Вјолца Елмази, јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Гостивар, од редот на членовите на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", до именувањето нов директор.

Вршителот на должност директор оствари работни состаноци со претставници на домашни и меѓународни институции, со амбасади и проекти, заради договарање и успешна реализација на проектите, за размена на искуства, на предавачи, за организирање студиски посети и за издавање публикации, односно заради продлабочување на домашната и меѓународната соработка со правосудствата на голем број држави.

На 30.11.2018 година во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" беше извршено примопредавање на функцијата директор на Академијата.

Новиот директор, проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска, ја презеде функцијата од досегашниот в.д. директор на Академијата, г-ѓа Вјолца Елмази, јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Гостивар.

Вршителот на должност директор на Академијата, г-ѓа Елмази ги презентираше и ги предаде тековните и идните обврски, со цел работата на Академијата да продолжи да тече без застој. Проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска по преземањето на функцијата почнувајќи од 1.12.2018 г. оствари средби и одржа состаноци со претставници на домашни и меѓународни институции, со амбасади и проекти. Средбите беа заради меѓусебно запознавање со досегашната соработка, за договарање идни проекти, за размена на искуства, како и за продлабочување на воспоставената соработка.

# IV ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА, РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА

## ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Согласно со Правилникот за внатрешна организација на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", во Академијата постојат следниве организациони единици:

1. **Сектор за обуки**
   - 1.1 Одделение за почетна обука и практицирање на судиската или јавнообвинителската функција
   - 1.2 Одделение за континуирана обука, меѓународна соработка, странска помош и управување со средствата од ИПА

2. **Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси**
   - 2.1. Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси
   - 2.2 Одделение за информатички технологии, библиотека, статистики, истражувања и стратешко планирање
   - 2.3 Одделение за статистики, евалуација и анализа

3. **Сектор за финансиски прашања**
   - 3.1 Одделение за финансиски прашања
   - 3.2 Одделение за буџетска координација

Стручната служба на Академијата во текот на 2018 година професионално ги извршуваше сите активности и задачи, придонесувајќи за остварувањето на предвидените цели во сите сегменти на нејзиното работење и за институционалното зацврстување во рамките на целокупниот правосуден систем. Стручната служба навремено и квалитетно ги извршуваше сите работни задачи, давајќи поддршка во остварувањето на надлежностите на органите и телата на Академијата, на предавачите и менторите како носители на образовниот (едукативниот) процес и изготвување на испитите и во полето на ефикасната деловна кореспонденција со други органи и институции. Навремено беа извршени сите обврски и приоритети произлезени од прописите за работни односи, за административни службеници, за јавни набавки, за

подготовка и реализација на буџетот и за остварување на приоритетната дејност на Академијата – спроведување на почетната и континуираната обука.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ

Во насока на професионалното надградување и стручното и ефикасно работење на вработените административни службеници, на крајот на 2017 година, Академијата донесе Годишен план за обуки на административните службеници за 2018 година. Во текот на 2018 година вработените не присуствуваа на обуките согласно со Годишниот план за обуки бидејќи Академијата не доби покани за одржување на обуките. Дел од вработените, вклучени во спроведувањето поспапките за јавни набавки, посетија обука за јавни набавки.

## УЧЕСТВО НА ДИРЕКТОРОТ И СТРУЧНАТА СЛУЖБА ВО РАБОТНИ ТЕЛА И ГРУПИ

Директорот и вработените во стручната служба, покрај извршувањето на редовните работни задачи во рамките на делокругот и активностите на Академијата, по овластување на директорот, зедоа активно учество, во својство на членови на работните групи, за поглавјето 23 од НПАА – Правосудство и фундаментални права и Антикорупциска политика (координатор – Министерството за правда) и на работната група за поглавјето 3.7. од НПАА – Право на интелектуална сопственост (координатор – Државниот завод за индустриска сопственост).

# V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во Академијата за судии и јавни обвинители, покрај директорот, вработени се вкупно осумнаесет лица, од кои:

- Шестнаесет административни службеници и
- Двајца вработени согласно со Законот за работните односи.

Распоредот на пополнети работни места е следниот:

1. Во рамките на Секторот за почетна обука:

- Во Одделението за почетна обука и практицирање на судиската или јавнообвинителската функција – 1 вработен соработник;

- Во Одделението за континуирана обука, меѓународна соработка, странска помош и управување со средствата од ИПА – 2 вработени соработници и 2 вработени помлади соработници;

2. Во рамките на Секторот за правни работи и управување со човечки ресурси – вработен раководител на сектор;

- Во Одделението за правни работи и управување со човечки ресурси – 1 вработен помлад соработник, 1 вработен самостоен референт, 1 вработен помлад референт. Помошно-технички лица – 1 курир и 1 хигиеничар;
- Во Одделението за информатички технологии, библиотека, статистики, истражувања и стратешко планирање – 1 вработен советник, 1 вработен виш соработник, 1 вработен соработник, 2 вработени помлади соработници и 1 самостоен референт;
- Во Одделението за статистики, евалуација и анализа – нема вработени;

3. Во рамките на Секторот за финансиски прашања:

- Во Одделението за финансиски прашања – 1 вработен раководител на одделение;
- Во Одделението за буџетска координација – нема вработени.

Во текот на 2018 година, покрај горенаведените вработени, во Академијата работен однос имаа и 37 слушатели на почетна обука во рамките на VI генерација на почетна обука. Работниот однос на слушателите е заснован на определено време и тоа сé до завршувањето на почетната обука и изборот на кандидатот за судија во основен суд односно за јавен обвинител во основно јавно обвинителство.

# VI ПОЧЕТНА ОБУКА

## <u>ШЕСТА ГЕНЕРАЦИЈА СЛУШАТЕЛИ НА ПОЧЕТНА ОБУКА 2017/2019 ГОДИНА – 37 слушатели</u>

По завршувањето на теоретската настава слушателите на почетната обука, на 9 февруари 2018 година го полагаа тестот за проверка на знаењето на крајот на теоретската настава. Имено, согласно со Правилникот за почетна обука („Службен весник на Република Македонија" број 77/2017 и 88/2017) оценувањето на постигнатиот успех во теоретската настава на слушателот се врши со тест за проверка на знаењето што се спроведува по завршување на сите модули од теоретската настава, како и континуирано во текот на наставата преку оценување на есеите и на домашните

работи. Тестот содржи определен број прашања и студии на случај од секој предмет, согласно со бројот на часови предвидени за тој предмет во Програмата за теоретска настава. Прашањата и студиите на случаи за тестот ги подготвуваат предавачите кои ги реализирале часовите во текот на теоретската настава, додека верификацијата на прашањата за тестот ги врши Програмскиот совет на Академијата. Тестот се полага електронски.

Сите слушатели успешно го положија тестот и по извршеното определување на слушателите за функцијата судија односно јавен обвинител, продолжија со реализација на практичната настава.

## ПРАКТИЧНА НАСТАВА

Почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители ја посетуваат вкупно 37 слушатели кои од 26 февруари 2018 година се на практична настава што се реализира согласно со Правилникот за почетна обука, со Програмата за практична настава и со Распоредот за спроведување на практичната настава.

Од вкупно 37 слушатели на почетната обука, 18 слушатели се определени за вршење на функцијата судија, а 19 слушатели се определени за вршење на функцијата јавен обвинител.

Од слушателите определени за **судии**, поголем дел, односно 15, се во апелационото подрачје Скопје. Од останатите слушатели, еден е на практична настава во апелационото подрачје Битола, еден слушател е на практична настава во апелационото подрачје Гостивар и еден слушател е на практична настава во апелационото подрачје Штип.

Од слушателите определени за **јавни обвинители**, 15 се на практична настава во апелационото подрачје Скопје, двајца слушатели се на практична настава во апелационото подрачје Битола и по еден слушател, во апелационото подрачје Гостивар и апелационото подрачје Штип.

Практичната настава се спроведува со насоки и упатства на менторите.

Менторите се определуваат од редовите на активните судии и на јавните обвинители коишто ги исполнуваат критериумите за ментори што се предвидени во член 48 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

Траењето на практичната настава се определува во зависност од определеноста на слушателот за судија или за јавен обвинител.

Времетраењето на практичната настава за слушателот определен за **судија** е: десет месеци во основните судови (пет месеци на граѓанска материја и пет месеци на кривична материја), два месеци во апелациските судови (еден месец на граѓанска материја и еден месец на кривична материја), два месеци во основните јавни обвинителства, една недела во Управниот суд и една недела во Вишиот управен суд.

Времетраењето на практичната настава за слушателот определен за **јавен обвинител** е: десет месеци во основните јавни обвинителства, еден месец во вишите

јавни обвинителства, два месеци во основните судови (еден месец на граѓанска материја и еден месец на кривична материја), еден месец во Министерството за внатрешни работи (сектор за внатрешни работи), една недела во Управниот суд и една недела во Вишиот управен суд.

Во текот на практичната настава секој слушател може да освои најмногу до 20 бода.

Вреднувањето на постигнатиот успех на слушателите во практичната настава го вршат менторите.

Видот на задолжителните активности што се оценуваат во текот на практичната настава се определува во зависност од околноста дали слушателите се подготвуваат за судии или за јавни обвинители.

Задолжителни активности што се оценуваат за слушателите определени за **судии** се: изработка на пет кривични пресуди; изработка на пет граѓански пресуди; реализирани пет симулирани судења во улога на судија на главна расправа во кривичната постапка; реализирани пет симулирани судења во улога на судија на главна расправа во граѓанска постапка.

Задолжителни активности што се оценуваат за слушателите определени за **јавни обвинители** се: изработка на пет обвинителни акти; изработка на две предлог-спогодби; изработка на три решенија за отфрлање на кривични пријави; реализирани десет симулации во улога на јавен обвинител на главна расправа.

Оценувањето на задолжителните активности го врши целиот менторски тим, по реализација на секоја задолжителна активност, а оценките се запишуваат во менторскиот дневник.

За оценувањето на слушателот, координаторот составува извештај за секоја поединечна оценка за задолжителните писмени акти и за задолжителните симулации.

## VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА

Континуираната обука на судиите и јавните обвинители се одвиваше во согласност со Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители за 2018/2019 година и со Каталогот на обуки за 2018 година.

Се организираа обуки за измените на домашната легислатива, на меѓународната легислатива и легислативата на Европската Унија, за судската практика, како и за општи теми, потребни за извршување на судската и јавнообвинителската функција.

Обуките се одржуваа децентрализирано, по сите апелациски подрачја. Најголемиот број се одржаа во Скопје, а помал број, којшто се одредува во зависност од потребата на целната група за која се организираат, се спроведоа во Апелациониот суд Битола, Основниот суд Гостивар и Апелациониот суд Штип. Покрај судии и јавни

обвинители, на обуките беа вклучени учесници и предавачи од разни институции, кои се засегнати со темата што се обработува. На тој начин се остварува размена на искуства и дискусија за воочените проблеми и недоследности во примената на законите, помеѓу правните практичари, заради нивно надминување и усогласено постапување.

## БРОЈ НА ОБУКИ ВО 2018 ГОДИНА

Во периодот од 1 јануари 2018 година, до 31 декември 2018 година, во организација на Академијата се реализирани вкупно 189 обуки, со учество на 4154 учесници, од кои 1895 беа судии, 608 јавни обвинители, 1103 стручни соработници од судовите и обвинителствата и 548 други учесници – претставници од други релевантни институции, организации, од невладиниот сектор итн., поканети од страна на Академијата, а коишто работат во области што се поврзани со содржината на обуката.




## СТРУКТУРА НА ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ




## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

Од реализираните 189 обуки во извештајниот период, 100 обуки се одржани во самостојна организација на Академијата, додека 89 обуки Академијата ги организираше во соработка и со делумно или со целосно кофинансирање со други домашни и странски проекти, здруженија, организации и институции.




## СОДРЖИНА НА ОБУКИТЕ

Од реализираните обуки во извештајниот период, 61 се одржани од областа на граѓанското право, 59 од областа на кривичното право, 10 од областа на управното право, 6 од областа на трговското право, 40 обуки беа посветени на општи теми, специјализирани обуки 13. Графички прикажана, структурата на обуките изгледа вака:




Во текот на 2018 година беа ангажирани вкупно 162 предавачи, од кои 127 домашни експерти и 35 странски експерти.




Од домашните експерти 31 се судии, 19 се јавни обвинители и 72 се претставници на разни институции и 5 се од редот на судската и јавнообвинителската служба.




Покрај предавачите кои се на листата на предавачи на Академијата, за потребите на конкретна обука, Академијата ангажира и повремени предавачи – експерти од соодветните министерства, заводи, управи и од други државни органи, институции и организации, експерти од невладиниот сектор, судии во пензија, професори, асистенти, адвокати, нотари, извршители, вештаци, психијатари и други.

Од вкупниот број обуки што беа реализирани во текот на извештајниот период, 140 беа одржани во Скопје, 9 во Битола, 5 во Штип, 5 обуки во Гостивар, додека другите 30 обуки се одржаа во други градови и места низ Републиката.




## КОНТИНУИРАНА ОБУКА ЗА ПРИМЕНА НА ПРОЦЕСНИ ЗАКОНИ

### ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

Во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година, во организација на Академијата реализирани се 6 обуки наменети за судиите што се однесуваат на Законот за парнична постапка, со учество на вкупно 163 учесници од кои 119 судии и 41 судски соработници од граѓанските оддели на судовите од сите апелациони подрачја и 2 нотари.

Реализираните обуки беа на следниве теми: „Примена на Законот за парнична постапка" (4 обуки), „Досудување трошоци во парничната постапка", „Правно позиционирање на нотари, извршители, адвокати и трговци поединци како странка во парничната постапка".

Покрај тоа организирана е обука на тема: „Структура на писмена изработка на судска пресуда и решение" на која учествуваа вкупно 19 учесници од кои 15 судии и 4 судски соработници.

### ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Академијата во самостојна организација одржа вкупно 24 обуки на повеќе теми од Законот за кривична постапка, на кои присуствуваа 190 судии, 179 јавни обвинители, 75

судски и јавнообвинителски стручни соработници, 4 адвокати, 14 слушатели на почетната обука на Академијата, 13 претставници на Министерството за внатрешни работи и 11 претставници на релевантни институции (вкупно 486 учесници).

Шест од овие обуки беа организирани во соработка со Амбасадата на САД во Скопје.

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАН МОДУЛ НА ОБУКА ЗА ВИШИОТ УПРАВЕН СУД И ЗА УПРАВНИОТ СУД

Судиите и стручната служба на Вишиот управен суд и на Управниот суд присуствуваа на обуки приспособени кон нивните потреби, со можност за учество и на други обуки на кои се разработуваат теми од интерес за управното судство како и на општи теми.

Беа реализирани специјализирани обуки на следниве теми: „Пристап до правдата" (во соработка со REC), „Капитално финансирано пензиско осигурување" (во соработка со МАПАС), „Симулација на судење од областа на азилот" (во соработка со МЗМП и УНХЦР), тркалезна маса на тема „Правото и праксата во заштита на бегалците во 2018 година" (во соработка со УНХЦР), како и советувањата на тема „Законот за општа управна постапка" и „Предлог-закон за управните спорови/управни договори" во самостојна организација на Академијата.

Во соработка со ЕАСО, за тематската област–азил, беше организирано учество на 5 судии од Вишиот управен суд и Управниот суд на регионален семинар за азил во Албанија.

Во рамки на HELP програмата се одржа една обука од областа на азилот наменета за судиите од управното судство.

Во рамките на проектот „Обука на судиите за имплементација и спроведување на даночното законодавство во Албанија, Македонија и Косово", финансиски поддржан од Владата на Луксембург, што се спроведуваше во соработка со Европската банка за обнова и развој, а којшто во нашата држава го имплементираше КПМГ во соработка со Академијата, по првично утврдување на потребата за обука од областа на даночното законодавство, беше реализирана тридневна обука на тема „Имплементација и спроведување на даночното законодавство" на која учествуваа вкупно 15 судии и 5 советници/судски соработници од Вишиот управен суд и од Управниот суд. Материјалот што беше подготвен за обуката послужи како основа за изработка на Платформа за е-учење од областа на даночното право, наменета за судиите и судските соработници на Вишиот управен суд, Управниот суд, Врховниот суд на РСМ и за слушателите на почетна обука. Е-Платформата беше презентирана на два настани во просториите на Академијата за да се олесни пристапот до овој модул за е-учење на заинтересираните корисници од наведените целни групи. Посетителите на е-курсот имаат можност да се здобијат со сертификат за успешно завршена обука за имплементација и спроведување на даночното законодавство, доколку успешно ги положат предвидените тестови.

## ОБУКИ ЗА ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Во текот на 2018 година, Академијата, согласно со обврските од „Националната програма за усвојување на правото на ЕУ" (НПАА), продолжи со континуирана едукација на судиите и на јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост, со цел, преку натамошно јакнење на свеста за значењето на правата на интелектуална сопственост и доследна примена на регулативата од оваа област, да се обезбеди ефикасно гонење на прекршителите на правата од интелектуална сопственост и ефикасна судска заштита.

Во тој контекст Академијата во 2018 година организираше една обука на тема „Кривично правна заштита на правата од интелектуална сопственост" наменета за судиите од кривичните оддели и јавните обвинители од сите апелациони подрачја и една обука на тема „Спроведување на правата од индустриска сопственост" наменета за судиите од граѓанските и трговските оддели од сите апелациони подрачја. На учесниците на двете обуки им беше поделен Прирачникот за спроведување на правата од интелектуална сопственост, што беше изготвен во 2017 година во рамките на данскиот твининг-проект „Зајакнување на спроведување на правата од интелектуална сопственост".

## ОБУКИ ЗА ЕТИКА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Академијата, во 2018 година, во согласност со препораките на ГРЕКО, за унапредување на превентивните механизми за корупција, во делот на обуките, организираше вкупно 8 обуки во соработка со ДКСК, од кои 6 обуки, за судиите и за јавните обвинители, 2 обуки за судиите-поротници, на теми поврзани со етиката, етичкото однесување, со спречување судир на интереси и со антикорупциски мерки, како и 1 обука за судските и јавнообвинителските службеници и тоа:

- 1 обука за судии и јавни обвинители од сите апелациони подрачја, на тема: „Етика и интегритет на судиите и јавните обвинители", на која учествуваа вкупно 16 учесници, од кои 12 судии и 4 јавни обвинители.
- 1 обука за судии и јавни обвинители од сите апелациони подрачја, на тема: „Кривични дела на корупција - меѓународна рамка" на која учествуваа вкупно 9 учесници, од кои 6 судии, 3 јавни обвинители.
- 2 обуки во соработка со проектот WINPRO III на тема: „Информираност за системот за заштита на сведоци во РМ во рамките на правосудните органи во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата" наменета за судии и за јавни обвинители од апелационите подрачја Скопје и Битола, на која учествуваа вкупно 17 учесници, од кои 8 судии, 9 јавни обвинители.

- 1 обука во соработка со Мисијата на ОБСЕ на тема: „Гонење на случаи на корупција" наменета за јавни обвинители од сите апелациони подрачја и истражители, на која учествуваа вкупно 30 учесници, од кои 19 јавни обвинители, 1 стручен соработник и 10 учесници од Министерство за внатрешни работи.
- 1 обука за судски и јавнообвинителски службеници, на тема: „Превенција на корупцијата и судирот на интереси, добро владеење, интегритет и етика", на која учествуваа вкупно 28 судски службеници од сите апелациони подрачја.
- 2 обуки за судиите-поротници, на тема: „Судир на интереси/Антикорупциски мерки/Етика и етички кодекс", на која учествуваа вкупно 99 судии-поротници, од кои 73 учесници се од апелационо подрачје Скопје, а 26 учесници се од апелационо подрачје Гостивар;

## ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ОДДЕЛНИ ЧЛЕНОВИ НА ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во рамки на соработката на Академијата со Советот на Европа, беа организирани повеќе обуки поврзани со Европската конвенција за човекови права и тоа за членовите 3, 5, 6 и 10 од истата.

Во рамки на програмата Horizontal Facility се одржаа вкупно 9 обуки наменети за судии и за јавни обвинители, од кои 1 обука за член 3 од ЕКЧП, 3 обуки за член 5 од ЕКЧП, 3 обуки за член 6 од ЕКЧП наменети за судии, за јавни обвинители, за судски и јавнообвинителски соработници, а се одржа и 1 обука за членовите 3, 5 и 6 за слушателите на шестата генерација на почетна обука во Академијата. Исто така, се одржа и 1 обука за обучувачи во врска со член 5 од ЕКЧП.

Во рамките на Јуфрекс проектот кој опфаќа шест локации во Балканскиот регион, а е во соработка со Советот на Европа и кој се однесува на слободата на изразување од членот 10 од ЕКЧП се одржаа вкупно 4 обуки наменети за судии и за јавни обвинители на теми поврзани со слободата на изразување и клевета, со говор на омраза, со добро спроведување на правдата и со заштита на укажувачи. Обуките беа наменети за судии и јавни обвинители, за судски и јавнообвинителски соработници согласно со областа на која се однесува обуката. Исто така, се одржа и 1 обука за обучувачи поврзана со слободата на изразување од член 10 од ЕКЧП.

На овие обуки присуствуваа 163 судии, 64 јавни обвинители, 127 судски и јавнообвинителски соработници, 5 адвокати, 37 слушатели на почетната обука во Академијата, 2 претставници на Министерството за труд и социјална политика, 3 претставници на невладини организации или вкупно 401 учесник.

## ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ПРАВО НА ЕУ

Во текот на 2018 година се одржаа 4 обуки посветени на правото на ЕУ, на кои учество земаа 123 учесници (судии, јавни обвинители и стручни соработници).

Во самостојна организација на Академијата се одржа советување на тема „Меѓународната надлежност на судовите на Република Македонија и одредувањето на меродавното право, признавање странски судски одлуки според ЗМПП".

Во соработка со Европскиот институт за јавна администрација (**ЕИПА**) се одржаа две дводневни советувања на тема „Заштита на податоците во ЕУ" и едно тридневно советување на тема „Вовед во правото на ЕУ и основите на судската соработка за прашања од граѓанско и трговско право".

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

Во текот на 2018 година беа организирани 11 специјализирани обуки за претседателите на судовите и за јавните обвинители на јавните обвинителства со учество на вкупно 231 учесници, на следните теми:

- 1 обука на тема „Судовите и односите со јавноста – комуникација со медиумите во функција на остварување на начелото на јавност и транспарентност" наменета за претседатели на судови, со учество на вкупно 19 учесници
- 1 обука на тема „Независното судство во контекст на пристапувањето во ЕУ" наменета за претседатели на судови, со учество на вкупно 23 учесници
- 1 обука на тема „Управување со човечки ресурси (Изработка на годишен план за вработување во судот и негова усогласеност во сите судови)" наменета за претседатели на судови, со учество на вкупно 21 учесник
- 1 обука на тема „Насоки за постапување при евиденција на застарени обврски" наменета за претседателите на судови и за сметководителите од сите апелациони подрачја, со учество на вкупно 39 учесници
- 1 обука на тема „Примена на Законот за енергетика и енергетска ефикасност кај судските згради" наменета за претседателите на судови и за судските администратори од сите апелациони подрачја, со учество на вкупно 22 учесници
- 4 обуки на тема „Презентација на активностите на комисијата за ефикасноста на правдата" – СЕРЕЈ" наменети за претседателите на судови и за јавните обвинители на јавните обвинителства од сите апелациони подрачја, со учество на вкупно 55 учесници, и
- во соработка со ЦПИА, реализирани се две работни средби на апелационите судови и ВСРСМ за хармонизирање на судската практика, со учество на претседателите на Врховниот суд на РСМ, на Апелациониот суд Битола, на

Апелациониот суд Гостивар, на Апелациониот суд Скопје и на Апелациониот суд Штип како и претседателите и судиите од кривичниот оддел, од граѓанскиот оддел и ододделот за судска пракса во секој од наведените судови, со учество на вкупно 52 учесници.

## СУДИИ-ПОРОТНИЦИ

Исполнувајќи ја и законската обврска, во согласност со член 42 став 4 од Законот за судови, судиите-поротници задолжително посетуваат специјализирани обуки, организирани од страна на Академијата.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година, организираше 2 дводневни обуки, со учество на вкупно 99 учесници, од кои 73 учесници се од апелационо подрачје Скопје и 26 учесници од апелационо подрачје Гостивар.

## ОБУКА НА СУДСКИТЕ И ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Во текот на 2018 година, Академијата продолжи со стручно усовршување на судските и јавнообвинителските службеници, кои имаат свој значаен придонес во успешното работење на судовите и на јавните обвинителства.

Обуките за судските и јавнообвинителските службеници опфаќаа разни целни групи и тоа: стручната служба во судовите и обвинителствата, раководните службеници и стручно-административни работници.

Во согласност со Програмата и Каталогот за обуки за судските и јавнообвинителските службеници, во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година, во организација на Академијата, реализирани се вкупно 20 обуки за судските и за јавнообвинителските службеници, со учество на вкупно 482 учесници, од коишто 344 се судски службеници, а 138 се јавнообвинителски службеници, на следниве теми:

- „Изработка на завршна сметка"
- „Потреба за процедури за внатрешно циркулирање на предметите во јавните обвинителства"
- „Backup и Disaster recovery plan"
- „Тонско снимање - аудиоснимање и видеоснимање на испитувањето на обвинетите и сведоците"
- „Превенција на корупција и судир на интереси, добро владеење, интегритет и етика"
- „Буџет и буџетски процес"
- „Раководење и управување согласно со Законот за судска служба"
- „Комуникациски способности - вештина на комуницирање, видови, справување со стрес"

- „Примена на Законот за судска служба"
- „Новини во областа на јавните набавки - законски измени, електронско спроведување јавни набавки, отворени прашања при постапување во пракса - Биро за јавни набавки"
- „Материјално, финансиско и канцелариско работење"
- „Наплатување на судска такса и извршување на санкции согласно со Судскиот деловник и со Законот за судски такси"
- „Насоки за постапување при евиденција на застарени обврски"
- „Примена на Законот за енергетика и енергетска ефикасност кај судските згради"
- „Работна средба за подоготовка на испит за вработувањето на судските службеници"
- „Воведување во праксата на ЕСЧП"




## VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ И СО СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ/МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Соработката со домашни органи, институции, организации и здруженија, како и со странски партнери и проекти којашто е воспоставена на почетокот од функционирањето на Академијата, со несмален интензитет се одвиваше и во текот на 2018 година.

### ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ

Во текот на 2018 година, при организација на настаните во континуираната обука, Академијата оствари соработка со ЦПИА - Центар за правни истражувања и анализи, со Комората на стечајни управници на РСМ, со Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), со Здружението на јавните обвинители во РСМ, со Друштвото за советодавни услуги КПМГ, со Македонското здружение на млади

правници, со Здружението на судиите на РСМ и со Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство.

Со **ЦПИА - Центар за правни истражувања и анализи** одржани се 7 обуки со учество на вкупно 163 учесници, на следниве теми: „Воведување во праксата на ЕСЧП" – 3 дводневни обуки со учество на вкупно 57 учесници; „Заштита од дискриминација и еднаков третман на Ромите во преткривична и кривична постапка" - 3 еднодневни обуки со учество на вкупно 79 учесници; „Промоција на наставна програма за правна агрументација, структура и образложение на пресудите" со учество на вкупно 27 учесници.

Во соработка со Центарот за правни истражувања и анализи беа организирани и две работни средби на претставници на четирите апелациони судови и на Врховниот суд на РМ за хармонизирање на судската практика.

Со **Комората на стечајни управници на РСМ** се одржаа 4 советувања, и тоа 2 советувања на тема „Практични искуства, судска пракса и правни проблеми кои се јавуваат во тек на примената на Законот за стечај" и 2 советувања на тема „Актуелни правни прашања и отворени проблеми кои се јавуваат во практичната примена на Законот за стечај"

Со **Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)** одржано е советување на тема „Капитално финансирано пензиско осигурување".

Во соработка со **Здружението на јавните обвинители на РСМ,** а со финансисика поддржка на ОБСЕ одржано е советувања на тема „Развојот на соработката помеѓу полицијата и јавното обвинителство".

Со **Македонското здружение на млади правници** се одржаа следните обуки: „Обука на обучувачи за заштита на правата на децата во граѓанска и кривична постапка", „Заштита на правата на децата во граѓанска и кривична постапка" и 2 советувања на тема „Постапување, третман и заштита на децата жртви и сведоци во кривична и граѓанска постапка", сите организирани во соработка со УНИЦЕФ. Се одржа и советување на тема „Симулација на судење на случај од областа на азилот", во чија организација учествуваше УНХЦР.

Со **Здружението на судиите на РСМ**, а со финансиска поддршка на Амбасада на САД во РСМ се одржа советување на тема „Најдобри практики за судиите / Адаптација кон акузаторниот систем".

Со **Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство** се одржа советување за примена на Истанбулската конвенција.

## СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ СО КОИ СОРАБОТУВАШЕ АКАДЕМИЈАТА ВО ТЕКОТ НА 2018 ГОДИНА

Воспоставената соработка продолжи и со странските партнери и проекти, кои со финансиска и техничка поддршка овозможија организирање многубројни обуки:

- Советот на Европа; WINPRO; iPROCEED; Регионалниот центар за животна средина за Централна и Источна Европа (REC); DCAF; ЕИПА; Мисијата на ОБСЕ во Скопје; Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ; КПМГ; Регионалниот совет за соработка (RCC);
- UNODC; ОПДАТ; Амбасадата на САД во Република Македонија; УНИЦЕФ; USAID/FACTORTRUST; УНХЦР
- Амбасадата на Р. Франција

## ➢ СОРАБОТКА СО ИНСТРУМЕНТОТ *TAIEX* ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ И ЗА РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ ПРИ ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" во текот на 2018 година изготви апликации за спроведување на обуки во 2019 година кои се финансирани и поддржани од инструментот *TAIEX* за техничка помош и за размена на информации при Европската комисија на Европската Унија. Одобрените апликациите се однесуваат на спроведувањето обуки во 2019 година на следниве теми:

- Трговско право и корпоративно управување
- Член 8 од ЕКЧП и интеракција со Повелбата на ЕУ за основни човекови права
- Судската пракса на ЕСЧП во врска со правото на сурогат-мајчинство
- Заштита на правата на обвинетиот согласно со директивите на ЕУ
- Заштита на потрошувачите на ЕУ
- Правила на докажување со посебен осврт на техниките на докажување во адверзијалната постапка

Во октомври 2018 година од страна на *TAIEX* беше организирана студиска посета во Австрија. Целта на оваа посета беше запознавање на претставниците од Северна Македонија со институциите на Австрија, а во врска со Законот за кривична постапка. На оваа посета учествуваа 2 јавни обвинители и 1 професор од правниот факултет „Јустинијан Први" кои воедно се активни предавачи во почетната и континуираната обука на Академијата. Оваа посета беше од огромно значење за учесниците кои имаа можност да ги споделат своите искуства, своите напори и актуелните случувања во двете земји.

## ➢ ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА СУДИИ И ПРАВНИЦИ, ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА – ЕИПА

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", во соработка со Европскиот центар за судии и правници, Европскиот институт за јавна администрација – ЕИПА (**ЕИПА**) во текот на 2018 година организираше неколку настани:

- Две дводневни советувања на тема „Заштита на податоците на ЕУ" со учество на вкупно 74 учесници, од кои 14 судии, 12 јавни обвинители, 6 адвокати и 42 стручни соработници
- Тридневно советување на тема „Вовед во правото на ЕУ и основите на судската соработка за прашања од граѓанско и трговско право" со учество на вкупно 23 учесници, 14 судии, 1 обвинител и 8 стручни соработници

## ➢ УНИЦЕФ

Во текот на 2018 година Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" во соработка со Македонското здружение на млади правници, а во рамки на проектот „Заштита на правата на децата во кривични и граѓански постапки" поддржан од страна на УНИЦЕФ спроведе 3 обуки на тема „Вештини на интервјуирање на децата жртви и сведоци на насилство" на кои беа обучени вкупно 60 судии, јавни обвинители и стручни соработници.

## ➢ ГЕРМАНСКА ФОНДАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА СОРАБОТКА – ИРЗ

Во рамките на извештајниот период, Академијата, во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ и со нејзина финансиска поддршка, со која има повеќегодишна плодна соработка, по повод „Македонија - 20 години член на Европскиот суд за човековите права", заедно и со Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП организираше и реализираше промоција на новиот број на правното списание „Европско право" 1-2/2018, и на Билтенот за судската практика на ЕСЧП 1/2018, 6. том, 4. година, на која присуствуваа вкупно 39 судии, јавни обвинители, слушатели на почетната обука на Академијата, адвокати, професори и претставници на други релевантни институции.

Исто така, започна да се спроведува твининг-проектот „Јакнење на казнено-поправниот систем и пробациска служба", кој ќе продолжи со реализација и во 2019 година.

- **<u>СОВЕТ НА ЕВРОПА</u>**

Во рамки на соработката на Академијата со Советот на Европа, беа организирани повеќе обуки поврзани со Европската конвенција за човекови права и тоа за членовите 3, 5, 6 и 10 од истата.

Во рамките на програмата на Horizontal Facility се одржаа вкупно 9 обуки наменети за судии и јавни обвинители, од кои 1 обука за член 3, 1 обука на обучувачи и 3 каскадни обуки за член 5, 3 обуки за член 6, 1 обука за слушателите на шестата генерација на почетна обука во Академијата за членовите 3, 5 и 6.

Во рамките на Јуфрекс проектот кој се однесува на слободата на изразување од членот 10 од ЕКЧП се одржаа вкупно 5 обуки наменети за судии и јавни обвинители, од кои 1 Обука на обучувачи и уште 4 обуки од областа на слободата на изразување од член 10 од ЕКЧП поврзани со клевета, со говор на омраза, со добро спроведување на правдата и со заштита на укажувачи.

Во рамки на HELP програмата се одржа една обука од областа на азилот наменета за судиите од управното судство.

Подетални податоци за учесниците на овие обуки може да се најдат во делот за обуките посветени на одделни членови на Европската конвенција за човекови права.

- **<u>UNODC – Канцеларија на Обединетите нации за организиарн криминал и недозволена трговија со луѓе</u>**

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" во соработка со Канцеларијата на Обединетите Нации (UNODC), Оддел за организиран криминал и недозволена трговија со луѓе во текот на 2017 година започна со изработка на курикулум за криумчарење на мигранти. За таа цел, во текот на 2017 година беше организирана првата од серијата планирани дводневни обуки на обучувачи, со учество на мултидисциплинарна група учесници. Имено, во подготовката на курикулумот беа вклучени еден национален консултант и групата на учесници која учествуваше на сите обуки на обучувачи.

Во текот на 2018 година беа спроведени вкупно 5 дводневни обуки на обучувачи за криумчарење мигранти. Наставната програма се состоеше од интерактивни методи за обука и беше дизајнирана за мултидисциплинарна група учесници. Методологијата се засноваше на мешан пристап на учење којашто вклучуваше е-учење и обука во училница. Обуката беше поделена во две главни фази: слушателите најпрво мора да пристапат и да ги положат тестовите на трите модули за е-учење за да преминат во втората фаза на учење која се изведува во училница и предвидува чекор по чекор истражна симулациска активност. Симулацијата се состоеше во различни делови кои бараат практично

ангажирање на учесниците и употреба на комбинација од методи и техники за обучување од обучувачите.

## ➢ УСАИД/ФАКТОРТРУСТ

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во 2018 година започна соработка за успешна имплементација на Проектот за факторинг финансиран од УСАИД а имплементиран од Фактортруст, со цел да се подобри имплементацијата на факторингот, како и законодавното и регулаторното опкружување, кое им овозможува на малите и среди претпријатија (МСП) да работат ефикасно, транспарентно и да имаат поголем пристап до финансии. Взаемната соработка се реализира преку серија работилници наменети за подигање на свеста за факторингот во нашата држава и за подобрување на разбирањето на факторингот, правната положба и бариерите за имплементација.

Посебните цели на оваа соработка се тесно поврзани со проектните активности, а истите се однесуваат на организирање на тркалезни маси со правната заедница, вклучувајќи ги и судиите и јавните обвинители.

Имено, Академијата во текот на месец јули 2018 година успешно ја реализираше првата работилница посветена токму на темата Факторинг, на која учествуваа судии, јавни обвинители, адвокати и претставници од сите релевантни институции. Истата, претставуваше можност за нивно подетално запознавање со проектот и проектните активности во наредниот период. Во декември 2018 година се одржа работилница на тема „Факторинг според законската рамка“ која претставуваше продолжение на истата која беше реализирана во месец јули. Целната група на учесници беа судии, јавни обвинители, адвокати и претставници од сите релевантни институции коишто не учествувале на претходната работилница.

## ➢ МИСИЈА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ

Планираните активности во рамките на соработката помеѓу Академијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во текот на 2017 година, се реализираа преку настани посветени на антидискриминациското законодавство и концептот на еднаквост и преку Законот за кривична постапка.

Во текот на 2018 година беа спроведени две дводневни тркалезни маси посветени на Законот за кривична постапка на кои свои излагања имаа двајца национални и двајца меѓународни експерти од областа. Двете тркалезни маси беа наменети за две различни групи учесници од кои судии од кривичните оддели и јавни обвинители од сите апелациони подрачја со стаж од 5 до 10 години и адвокати.

Во делот за заштита и спречување дискриминација беа организирани 2 настани на тема „Судската постапка во Законот за спречување и заштита од дискриминација" на кој учествуваа судии и адвокати кои работеле на предмети поврзани со заштита од дискриминација и претставници од сите релевантни институции.

Во текот на 2018 година Академијата во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје организираше работилница на тема „Amicus curiae поднесоци од Народниот правобранител и нивната правна сила во националните судски постапки" на која учествуваа судии и претставници од Народен правобранител на РСМ.

Исто така беше организирана 1 дводневна работилница на тема „Гонење на случаи на корупција" која беше наменета за јавните обвинители и претставници од правосудната полиција. Работилницата беше спроведена од страна на врвни меѓународни експерти во областа.

Во октомври 2018 година Академијата во соработка и со финансиска поддршка на ОБСЕ организираше менторинг-програма - посета на школата во Барселона, Шпанија за 6 судии од нашата држава.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" во соработка и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје започна со создавање на платформата за е-учење во текот на 2016 година. Платформата е прикачена на веб-страницата на Академијата, а материјалот се состои од powerpoint-презентации, прирачници, вежби, видеоматеријали и аудиоматеријали и тестови.

Целта на оваа платформа е зачувување и пренесување на сите видеоснимени и други материјали кои произлегоа од напредните обуки за Законот за кривична постапка, спроведени по донесување на Законот во 2010 година.

Оваа платформа има огромно значење за практичарите во поглед на информирање и самопроверување на знаењата, со потенцијал, во иднина да се користи не само за кривичните туку и за обуките од сите други области. Практичарите ја оценија платформата како функционална, едноставна и корисна алатка, додека во однос на материјалите кои се прикачени сметаат дека се корисни и едукативни за секој правен практичар. Овој начин и пристап на е-учење е исклучително корисен и олеснителен за сите корисници, а преку можноста за самотестирање добиваат јасна слика во оној дел кој им е потребен и корисен при вршењето на нивната работа. Заради појаснување на користењето на платформата, истата во 2016 година беше презентирана и тестирана од страна на 30 практичари.

Во текот на 2017 и 2018 година платформата беше надоградувана и дополнета со повеќе материјали. Во ноември 2018 година беше одржана последната презентација на платформата што беше можност за запознавање на практичарите со истата, забележување на нивните коментари, сугестии и забелешки кои ќе придонесат до надоградување на истата. Платформата беше презентирана од претставниците на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и од ИТ Компанијата за развој на е-платформата.

Покрај оваа платформа, Академијата во соработка со Мисијата на ОБСЕ работеше и на е-учење на тема етика. Во подготовката на материјалите кои ќе бидат прикачени на платформата беа вклучени 2 судии и 1 јавен обвинител коишто ги номинираше Академијата.

- **АМБАСАДА НА САД ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Во текот на 2018 година Академијата во соработка и со финансиска поддршка на Амбасадата на САД во Скопје, организираше советување за Законот за кривична постапка, модул 2 - Спогодување и главна расправа со учество на вкупно 35 судии и јавни обвинители од сите апелациони подрачја.

Исто така се одржаа и дополнителни 6 обуки, една работилница и една обука на ментори од кривична област, конкретно на теми поврзани со Законот за кривична постапка, наменета за ментори, судии, јавни обвинители и за судски и јавнообвинителски соработници. На овие обуки присуствуваа вкупно 176 учесници.

- **iPROCEEDS – Регионален проект за изградба на капацитети за борба против криминал преку интернет**

Во текот на 2018 година Академијата продолжи со активности во рамки на регионалниот проект, во соработка со Европската Унија, за изградба на капацитети за борба против криминал преку интернет – iPROCEEDS (cybercrime). Проектот започна на 1 јануари 2016 година, финансиран е преку повеќекорисничката ИПА II програма за 2014 година, и во него се вклучени: Република Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Турција и Косово. Проектот е во траење од 42 месеци. Целта на овој проект е да се зајакнат капацитетите на надлежните институции, во идентификувањето, истражувањето, намалувањето и конфискувањето на имотната корист, што е стекната по пат на компјутерски криминал како и превенција од перењето на пари преку интернет.

Од нашата држава беа именувани членови кои се сега дел од групата која ќе работи на процесот на имплементација на национално ниво, составена од претставници од Академијата за судии и јавни обвинители, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и од Управата за финансиско разузнавање.

Во текот на 2018 година беа реализирани следниве активности:

- Воведен модул на обука за компјутерски криминал, електронски докази и приноси од кривични дела на интернет. Оваа обука ја спроведоа двајца јавни обвинители од

нашата држава кои во претходната година посетија обука за обучувачи во Република Црна Гора што траеше четири дена, а се одржа во два дела.

- Регионална работилница за онлајн-финансиска измама и измама со кредитни картички што се одржа на 3 декември 2018 година во Скопје, со учество на 4 судии и 4 јавни обвинители од нашата држава. Оваа работилница беше можност за зголемување на свеста за актуелните закани, трендови, контрамерки и разни иницијативи во областа на истрагите и на гонењето на онлајн-финансиската измама и измами со кредитни картички, за зајакнување на меѓуагенциската соработка меѓу обвинителите, истражителите за компјутерски криминал, финансиските инспектори и Канцеларијата за финансиско разузнавање, за откривање, спречување и борба против онлајн-финансиската измама и нејзините средства и за подобрување на размената на информации помеѓу владините агенции поврзани со компјутерскиот криминал и со субјектите од приватниот сектор на национално ниво.
- Во текот на 2018 година на покана на iPROCEEDS судии и јавни обвинители учествуваа на повеќе регионални и меѓународни настани.

Во рамките на овој проект предвидено е да се одржат уште активности во текот на 2019 година.

## ➢ <u>РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА (РЕЦ)</u>

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", во соработка и со финансиска поддршка на Регионалниот центар за животна средина (REC) во текот на 2018 година организираше работилница на тема „Пристап до правда". Работилницата беше можност за судиите, јавните обвинители и другите правни експерти од нашата држава подобро да го разберат „пристапот до правдата", според барањата на Архуската конвенција, на соодветните директиви на ЕУ и на националното законодавство, како и преку интерактивно учество да се разменат искуства; да имаат можност да чујат како се спроведува пристапот до правдата во ЕУ и во други земји; да се адресираат главните потешкотии и недостатоци во спроведувањето на пристапот до правдата, како и да се претставaт решенија за отстранување или намалување на пречките за пристап до правдата.

## ➢ <u>СОРАБОТКАТА СО ИЦИТАП</u>

Програмата „Партнерство за едукација", која беше иницирана од Владата на САД и од Владата на Хрватска и успешно се имплементира од 2013 година наваму, и во текот на 2018 година продолжи да обучува професионалци од органите за спроведување на

законот. Водечките партнери на програмата за 2018 година беа Министерството за внатрешни работи на Хрватска и Амбасадата на САД во Загреб/Програмата ИЦИТАП.

Иницијативата за обуки беше поддржана од Програмата ИЦИТАП при Одделот за правда на САД и истата се имплементираше во периодот март - септември, 2018 година. Во наведениот период беа реализирани вкупно пет модули на обуки. На покана на ИЦИТАП, за учество на овие обуки Академијата номинираше повеќе судии и јавни обвинители.

1) Прв модул: Балканска студиска посета на САД на тема Борба против транснационален организиран криминал и трговија со дрога, 17 - 30 март, 2018 година
2) Втор модул: Обука за техники за следење и набљудување, 7 - 11 мај 2018 година, Загреб, Р Хрватска
3) Трет модул: Обука за препознавање на лица и фалсификувани документи, 28 мај -1 јуни 2018 година, Загреб, Р Хрватска
4) Четврт модул: Напредна обука за компјутерски криминал со виртуелни пари/валути, 11 - 15 јуни 2018 година, Загреб, Р Хрватска

➢ **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА НА СВЕДОЦИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ, ТЕРОРИЗМОТ И КОРУПЦИЈАТА (WINPRO III)**

Во текот на 2018 година, Академијата ја продолжи соработката со проектниот тим на ВИНПРО III во рамки на ЕУ проектот „Соработка во кривичната материја - зајакнување на заштитата на сведоците во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата" , финансиран со повеќекорисничката програма ИПА 2015.

Во рамки на заедничката соработка беа реализирани следните активности:

- Работилница за медиуми што се одржа на 8 февруари 2018 година во Скопје, со учество на 3 претставници од судовите и 3 од јавните обвинителства
- Обука на тема „Управување со сведоци" што се одржа во период од 19 до 23 февруари 2018 година во Скопје, со учество на 8 јавни обвинители со подолго работно искуство, на 4 новоименувани јавни обвинители и на 4 истражители
- Курс за обука за лична безбедност што се одржа на 14-15 март 2018 година во Скопје со учество на 4 јавни обвинители и 2 судии
- Напредна обука за процена на сведоци што се одржа во период од 14 до 18 мај 2018 година во Скопје, со учество на 12 јавни обвинители

- Напредна обука за процена на сведоци што се одржа во период од 17 до 21 септември 2018 година во Скопје, со учество на 6 јавни обвинители
- Две обуки на тема „Информираност за системот за заштита на сведоци во рамките на правосудните органи во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата" што се одржаа во апелационите подрачја Битола и Скопје.

➢ <u>РЕГИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА СОРАБОТКА (RCC)</u>

Во рамките на активностите на Регионалниот совет за соработка (RCC), поддржани од GIZ, еден судија и двајца службеници од Секторот за обуки на Академијата учествуваа на Регионална работилница за размена на најдобрите европски практики за едукација на правосудството што се одржа на 13 и 14 септември 2018 година во Белград.

➢ <u>АМБАСАДА НА ФРАНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА</u>

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" во периодот од 5 март 2018 година до 23 март 2018 година ѝ овозможи реализиција на стаж на г-ѓа Margaux Buisson, кандидат од ЕНМ - Националната школа за магистрати, Бордо – Република Франција, продолжувајќи ја досегашната практика во делот на размена на кандидати од почетна обука на ЕНМ и на Академијата. На почетокот на 2019 година, Академијата повторно ќе биде домаќин и ќе овозможи реализација на стаж на еден кандидат од ЕНМ во времетраење од три недели во кои кандидатот од ЕНМ ќе има можност да се запознае со правосудниот систем на Република Северна Македонија.

Во соработка со Амбасадата на Република Франција, Академијата на 26 март организираше излагање на тема **„Независно судство, јакнење на капацитетите за отпор кон влијанија"**. Излагањето на темата беше од страна на **mr Alain Lacabarats**, судија на Врховниот суд на Република Франција, член на Судскиот совет на Република Франција и член на Консултативниот совет на европски судии. Настанот се одржа во 2 сесии, а беше наменет за членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија, за судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија, за Вишиот управен суд, за Управниот суд, за апелационите судови и за судови со проширена надлежност, за претставници на Адвокатска комора на РСМ, како и за судии кои завршиле Академија и за слушатели на почетна обука во Академијата. Присуствуваа 85 учесници, од кои 54 судии, 4 членови на Судскиот совет на РСМ и 24 слушатели на почетна обука.

Исто така на 26 март 2018 година, започна и реализацијата на часовите за изучување на францускиот јазик – почетно ниво, за слушателите на почетната обука, а

судиите и јавните обвинители кои веќе го изучуваа францускиот јазик, продолжија понатаму, на Б1 ниво.

На 6 ноември, 2018 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", г-ѓа Вјолца Елмази, в.д. директор на Академијата, г. Сашо Рајчев, претседател на Управниот одбор на Академијата и г-ѓа Оља Ристова, заменик претседател на Управниот одбор на Академијата, одржаа состанок со претставниците на Заедничката истражувачка мисија: г-ѓа Александра Савие, судија и шеф на Канцеларијата за соработка во Делегацијата за европски и меѓународни работи при Министерство за правда, г-ѓа Валентина Салвато, висок проектен менаџер во GIP Меѓународна соработка за правда и г-ѓа Жули Маравал, аташе за соработка. Состанокот беше во насока на продлабочување на меѓусебната соработка.

- **DCAF**

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", во соработка со DCAF одржа 3 работни состаноци и 2 тркалезни маси на теми поврзани со судското овластување и надзор на интрузивни методи за собирање информации во РСМ. Во рамките на овие средби се подготвува и судски прирачник за посебните истражни мерки. На настаните во заедничка организација со DCAF присуствуваа 45 судии, 15 јавни обвинители, 3 стручни соработници, 4 претставници на Министерството за правда, 1 претставник на Министерството за внатрешни работи, 2 претставници на правниот факултет „Јустинијан први", 2 претставници на Советот на јавни обвинители на РСМ, 35 претставници на релевантни институции, односно вкупно 107 учесници.

- **СТУДИСКИ ПОСЕТИ**

Продолжи и практиката на вклучување судии, јавни обвинители, кандидати за судии и јавни обвинители како и на претставници на органите и на стручната служба на Академијата, на Судскиот совет на РСМ и на Советот на јавни обвинители на РСМ, во студиски посети, меѓународни обуки, размени, состаноци, работилници и конференции во странство. Во доменот на меѓународната соработка, Академијата интензивно беше вклучена во организација на тренинг-активностите со поголем број проекти.

Во текот на 2018 година, Академијата реализира вкупно 25 студиски посети во странство, со учество на вкупно 40 судии и 28 јавни обвинители.

Во текот на 2019 година Академијата за судии и јавни обвинители повторно ќе биде вклучена во активностите на Европската мрежа за правосудна обука (EJTH), со тоа што судиите и јавните обвинители ќе присуствуваат на настани организирани од EJTH во текот на наредната година. Исто така, предвидено е и присуство на двонеделни размени, како и краткорочни размени. Овие настани на EJTH опфаќаат обука од кривична,

граѓанска, управна област, како и обуки поврзани со меѓународно право и човекови права.

## IX КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ

Академијата и во 2018 година продолжи да ја усовршува работата на постојниот софтвер во насока на создавање ефикасен компјутерски систем кој пред сè ќе служи за полесно управување со внатрешните процеси и активности на Академијата, а воедно ќе ја обезбеди неопходната функционалност за лесно и едноставно секојдневно одржување и ажурирање на содржините на интернет-локацијата, како и лесно поврзување со другите интерни софтверски системи.

Во рамките на проектот „Обука на судиите за имплементација и спроведување на даночното законодавство во Албанија, Македонија и Косово" финансиски поддржан од Владата на Луксембург, кој се спроведуваше во соработка со Европската банка за обнова и развој, а кој во нашата држава го имплементираше КПМГ во соработка со Академијата, беше изработена Платформа за е-учење од областа на даночното право, наменета за судиите и за судските соработници на Вишиот управен суд, на Управниот суд, на Врховниот суд на РСМ и за слушателите на почетна обука. Е-Платформата беше презентирана на два настани во просториите на Академијата со цел да се олесни пристапот до овој модул за е-учење на заинтересираните корисници од наведените целни групи. Посетителите на е-курсот имаат можност да се здобијат со сертификат за успешно завршена обука за имплементација и спроведување на даночното законодавство, доколку успешно ги положат предвидените тестови.

## X БИБЛИОТЕКА

Во тековната 2018 година за сите заинтересирани корисници беше достапен целокупниот библиотечен фонд со кој располага Академијата, под истите услови како и до-сега.

# XI БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

## ➢ БУЏЕТ

За 2018 година, на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 72.804.000,00 денари.

Од почетокот на 2018 година, заклучно со 31 декември 2018 година, Академијата има реализирано 41.253.444,00 денари од својот буџет.

| 2018 година | Одобрен буџет 72.804.000,00 |
| --- | --- |
| 401 основни плати | 42.561.000,00 |
| 402 придонеси | 15.831.000,00 |
| 420 патни и дневни расходи | 850.000,00 |
| 421 комунални услуги | 2.362.000,00 |
| 423 материјали и ситен инвентар | 800.000,00 |
| 424 поправки и одржување | 900.000,00 |
| 425 договорни услуги | 8.500.00,00 |
| 426 други тековни расходи | 1.000.000,00 |




## ➢ ЈАВНИ НАБАВКИ

Во текот на 2018 година, Академијата реализираше вкупно 11 постапки за јавни набавки, сите спроведени преку Постапка со барање за прибирање понуди, а во согласност со донесениот План за јавни набавки за 2018 година.

Согласно Планот за јавни набавки за 2018 година, беа спроведени следните постапки за јавни набавки:

| | Предмет на набавката | Времетраење на договорот | Вредност на склучен договор со ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1. | Услуги за одржување на моторни возила | 1 година | 292.487,1 денари |
| 2. | Услуги за обезбедување | 2 години | 66.153,81 денари |
| 3. | Тонери | 2 години | 506.416,26 денари |
| 4. | Минерална вода за пиење | 1 година | 196.045,2 денари |
| 5. | Гориво за моторни возила | 1 година | 249.751,72 денари |
| 6. | Издавачки и печатарски услуги | 1 година | 354.000,00 денари |
| 7. | Услуги за патен транспорт | 1 година | 315.000,00 денари |
| 8. | Услуги за одржување на фотокопири и печатари | 1 година | 354.000,00 денари |
| 9. | 2 Серверски клима уреди | До истек на | 241.900,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | гаранцијата – 3 години | |
| 10. | Чилер | Поништена постапка | / |
| 11. | Канцелариски мебел | До реализација (реализиран) | 353.524,46 денари |

# XII СТАТИСТИКИ

Софтверскиот систем за управување со процеси, што го имплементира Академијата во текот на 2011. година, претставува основна база на податоци за судиите и за јавните обвинители којашто Академијата ја користи во својата работа. Редовното ажурирање на податоците во базата е од исклучително значење за функционирањето на Академијата, особено во делот на предвидувањето и планирањето на потребниот број обуки по области, со цел на сите целни групи да им се овозможи да го исполнат задолжителниот број денови обука за тековната година.

Во поглед на статусот на судиите и сите промени поврзани со нивната позиција, податоците се добиваат од електронскиот систем на податоци на Судскиот совет на РСМ, со кој е поврзана базата на Академијата.

Во поглед на статусот на јавните обвинители, од Советот на јавните обвинители на РСМ се добиени податоци за јавните обвинители и тие се внесени во базата на Академијата.

**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2018 Вкупно судии и јавни обвинители**



**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2018 година
Вкупно судии**




**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2018 година
Вкупно јавни обвинители**



# XIII ЕВАЛУАЦИЈА

Задоволството на целните групи од реализираните обуки Академијата го мери преку дистрибуирање прашалници на секоја обука. Преку прашалниците учесниците ја оценуваат содржината и целта на обуката, предавачите, материјалите за обуката, успешноста на програмата, а можат да дадат и свои предлози и коментари во делот наменет за таа цел.

Добиените податоци се од големо значење за Академијата, коишто таа ги користи во насока на континуирано подобрување на организацијата на обуките, во изборот на теми за кои има голем интерес, на избор на предавачи кои учесниците ги оцениле со високи оцени, а се со крајна цел на целните групи да им се испорачаат обуки кои квалитативно ќе одговорат на нивните потреби.

Следува приказ за задоволството кај учесниците на обуките:

Оцени од прашалниците за судии и јавни обвинители












## Оцени од прашалниците за стручна служба













## Оцени од прашалници за судии поротници












## XIV ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Јавноста во работењето на Академијата се остварува преку редовно информирање за активностите, и тоа преку постирање објави на интернет-страницата www.jpacademy.gov.mk, преку објавување информации на огласната табла, но и со објавување на усвоените акти во Службен весник.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев"
Претседател на Управен одбор,
Сашо Рајчев